# Субрата Рој во "Бубамара" крој

## ИНДИСКИОТ БИЗНИСМЕН ГЛАВНА ТЕМА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ НАГРАДИ



*Сашко Коцев, во креација на "Шутекс", мешаше како Индијка и го опеа Субрата Рој*

"Ова е прекрасен свет" и "Секогаш гледај на ведрата страна од животот" се пораките кои завчера ни ги испрати "Златна Бубамара на популарноста", која се одржа по 16. пат во Универзалната сала. Првата со песна на "Златните славејчиња", Андријана Јаневска и Драган Спасов - Дац за старт, а втората со сите гости на шоуто за крај.

"И да си во гомна до гуша, главата горе" е една од паролите на стандардно брилијантниот Сашко Коцев. Актерот што седма година по ред нé смее до солзи, нé подучи на повеќе поучни совети: "За инает на Грците, да ги смениме имињата: Хром да биде Полихроно, а Ново Лисиче Неа Мудања, Припор - Приопори, а "Мекиците од Стража" - Локомадес. Оригинален беше и во скечот за ендемскиот вид на македонски угостител и турист, а во улога на ендемски вид политичар што се лови со мирисот и шушкањето на парите, се појави Гораст Цветковски. Публиката збесна од смеење кога Кирил Попхристов - Кили беше Субрата Рој. Сашко, во негова чест, сними специјална песна "Ој, ој Субрата Рој, брате мој", мешајќи како Индијка, во придружба на "Ребис", облечен во креација на "Шутекс". Скопскиот градоначалник Коце Трајановски се смешкаше од главната ложа. Меѓу другите досетки, и на идејата на Коцев да привлечеме туристи со објава дека на Прометеј му се крева точно напладне.

Во музичкиот дел освежување беа "Фрајле", женскиот акустичен квартет од Нови Сад, со нивниот чардаш, руските романси и со нашата "Чукни во дрво". Одличен настап, но премногу простор одвоен за нив во програма која траеше повеќе од три часа. Игор Џамбазов ни донесе дел од својот блуз, а македонски народни песни во латино аранжмани свиреа "Тумбао салса бенд". Викторија Лоба беше во улога на сите пејачки на легендарната сплитска група "Магазин". Успешно ги испеа сите хитови, во чест на нивниот автор Тончи Хуљиќ, но ја исфалшира "Симпатија". Хуљиќ се појави на крај, и ни претстави дел од заедничкиот албум со Горан Бреговиќ "Хашиш".

Во концептот на веселата "Бубамара" се приклучија и "Пеперминт" со нивна порака: Во секоја криза треба да си речеме: "Ама ако", како стиховите од нивниот хит. Сценариото на шоуото е на Ранко Петровиќ.

***М.Царовска***
***Фото: Д. Перковски***





*Награда за животно дело.- Фолк-дамата Виолета Томовска*



*Чардаш и руски романси од четворката "Фрајл*

# Емил Арсов стана пејач на Тончи Хуљиќ

Младиот македонски поп-пејач Емил Арсов потпиша договор со хрватскиот хитмејкер Тончи Хуљиќ. Емил ќе биде главен вокал на вториот дел од албумот "Хашиш", кој Тончи Хуљиќ го подготвува со Горан Бреговиќ. На првиот албум, вокалите на стародалматински јазик ги испеа Петар Грашо.

"На Хуљиќ му требал нов, млад талентиран пејач, и се јавил во Белград кај Саша Поповиќ, првиот човек на Гранд продукција. Емил учествуваше на аудицијата за новите ѕвезди на Гранд, па Саша Поповиќ му го препорачал на Тончи. Емил потпиша договор со Хуљиќ за нов албум, промотивна светска има снимено два спо во Загреб и Split о ни рече Кристијан менаџерот на Емил. черашното шоу испе вите на "Хашиш", а популарната "Вотка

# Калиопи го прекина настапот



"Триесет и шест години сум тука, и имам чувство како да не ви пеам од срце. Мониторите не ги слушам, речиси ги нема. Стоп, ајде да почнеме повторно", рече Калиопи, и на половина од евровизиската "Црно и бело" го прекина настапот. Откако ѝ ги засилија мониторите, продолжи да пее.

На нејзина сметка се пошегува Игор Џамбазов. "Гуру Харе, застани, не свири. Дајте ми монитор", рече Џамбазов и ѝ испрати бакнеж на Калиопи во публика.



*Игор Џамбазов му ја додели на Тончи Хуљиќ наградата за трајни музички вредности*



е" од Нови Сад

спотови и за
турнеја. Веќе
ота, и повеќе е
отколку тука",
Стефановски,
Арсов на зав-
еа дел од хито-
заврши со нај-
, текила".





*Викторија Лоба во улога на сите пејачки на "Магазин" испеа коктел од нивните нај-големи хитови*



*Сабина Ајрула ѝ ја предава на Нина Деан награда-та за актерка на годината*




## Награди за најпопуларните

**Животно дело:** Виолета Томовска, Киро Урдин, Благоја Крстевски и Владимир Ангеловски - Дади, постхумно
**ТВ-проект:** "Чудесна земја" со Владо Јовановски
**Група :** "Пеперминт"
**Пејачка и хит :** Калиопи за "Црно и бело"
**Концерт :** "Суперхикс"
**Откритие и спот на годината:** Скипи и Тајзи
**Актерка и актер:** Драган Спасов - Дац и Нина Деан
**Претстава:** "Генетика на кучињата"
**ТВ-емисии:** "К-15" и "Зевзекманија"
**Спортски клуб:** "Металург"
**Балканска група:** "Фрајле"
**Балкански албум:** "Хашиш" на Тончи Хуљиќ и "Мадре Бареса"
**Трајни музички вредности:** Тончи Хуљиќ